**Народна банка на Република Македонија**

Дирекција за статистика

# Меѓународна инвестициска позиција на Република Македонија за 2015 година

септември 2016 година

# Информација за меѓународната инвестициска позиција на Република Македонија за 2015 година

## Општи забелешки

Меѓународната инвестициска позиција (МИП) претставува статистички извештај којшто ги прикажува состојбите на надворешните финансиски средства и финансиски обврски на Република Македонија на определен датум, т.е. побарувањата од и обврските кон нерезиденти врз основа на финансиски инструменти.

Притоа, освен состојбата и структурата на побарувањата и обврските од/кон нерезиденти, се пресметува и **нето меѓународната инвестициска позиција** на земјата во однос на остатокот од светот. Така, позитивната нето меѓународна инвестициска позиција (финансиските средства се поголеми од финансиските обврски) означува дека земјата е нето-кредитор кон остатокот од светот, додека негативната нето меѓународна инвестициска позиција (финансиските обврски ги надминуваат финансиските средства) значи дека земјата е нето-должник во однос на нерезидентите.

Анализата на структурата на МИП од динамичка перспектива овозможува следење на промената во нето-позицијата на поодделните институционални сектори, како и промената во склоностите на секторите при користењето одредени видови финансиски инструменти за финансирање на своите потреби, низ призмата на севкупните макроекономски движења во земјата и окружувањето. Оттаму, особено во посткризниот период МИП, како своевиден показател за финансиската состојба на земјата и нејзината интегрираност во финансиските текови, таа претставува еден од клучните показатели, коишто се следат на редовна основа.

За изготвување на МИП се користат различни извори на податоци, а применетата методологија е усогласена со меѓународните стандарди и препораки. Оваа методологија е достапна и до пошироката јавност, т.е. објавена е на интернет-страницата на Народната банка на Република Македонија.

## Анализа на промените на меѓународната инвестициска позиција во 2015 година

На крајот на 2015 година, Република Македонија е нето-должник кон остатокот од светот, со негативна нето меѓународна инвестициска позиција од 5.082,7 милиони евра, што претставува 55,9% од БДП. На 31.12.2015 година, Република Македонија располага со финансиски средства од нерезидентите во износ од 4.571,9 милиони евра и со финансиски обврски кон нерезидентите во износ од 9.654,6 милиони евра.

Во споредба со крајот на 2014 година, негативната меѓународна инвестициска позиција е зголемена за 533,7 милиони евра. Во текот на 2015 година финансиските средства се намалени за 62,1 милион евра, додека финансиските обврски бележат раст од 471,6 милиони евра.

Намалувањето на ***средствата*** во текот на 2015 година (за 62,1 милион евра) се објаснува со годишниот пад на состојбите кај поголем дел од финансиските инструменти.

Од аспект на структурата по одделни финансиски инструменти, и натаму најголемо учество имаат девизните резерви (во износ од 2.261,8 милиони евра, или 49,5% од вкупните средства). Во текот на 2015 година, **официјалните девизни резерви** бележат намалување од 174,7 милиони евра, коешто во најголемиот дел (183,4 милиони евра) произлегува од трансакциите со нерезидентите[1], делумно нетирано со позитивните ценовни и курсни промени (8,6 милиони евра). Значаен инструмент на страната на средствата се и побарувањата од комерцијално работење, т.е. **трговските кредити и аванси** (16,6% од вкупните средства, или 757,4 милиони евра), коишто во 2015 година бележат пад од 85,4 милиони евра. На крајот на 2015 година, **средствата врз основа на директни инвестиции** изнесуваат 655 милиони евра, или 14,3% од вкупните средства (преовладуваат побарувањата врз основа на должнички инструменти во нивната структура од 81,6%), со годишен раст за 179,4 милиони евра. **Валутите и депозитите** учествуваат со 13,5% (или 615,4 милиони евра), при годишно намалување од 8,2 милиона евра. Вложувањата во форма на **портфолио-инвестиции,** на крајот на 2015 година, изнесуваат 212,6 милиони евра (4,6% од вкупните средства), а годишниот раст од 57,6 милиони евра главно произлегува од инвестициските активности на останатите финансиски институции на странските финансиски пазари, главно во сопственички инструменти. **Заемите** изнесуваат 67,1 милион евра (1,5% од вкупните средства) и бележат годишно намалување од 31,1 милион евра, главно заради повисоките наплати на секторот „држава“.

Во текот на 2015 година ***обврските*** се зголемени за 471,6 милиони евра, со најизразен раст кај директните инвестиции.

Од аспект на структурата на МИП по инструменти, и натаму најголем удел имаат директните инвестиции во износ од 4.951,3 милиони евра (51,3% од вкупните обврски), коишто во 2015 година се зголемени за 573 милиони евра. Ваквото зголемување кај обврските врз основа на директни инвестиции во 2015 година се должи на зголемувањето на обврските врз основа на должнички инструменти (за 390,5 милиони евра) и врз основа на сопственичкиот капитал и реинвестирање на добивката (за 182,4 милиони евра). Како втор најзначаен финансиски инструмент на страната на обврските се издвојуваат **заемите** (учество од 30,7% во вкупните обврски), коишто на

[1] Дел од намалувањето на девизните резерви произлегува од отплатата на заемот кон ММФ од страна на државата во февруари 2015 година.

крајот на 2015 година изнесуваат 2.961,7 милиони евра, при годишно намалување од 62,7 милиони евра. Состојбата на обврските врз основа на портфолио-инвестиции достигна 848,8 милиони евра (или учество од 8,8% во вкупните обврски), односно зголемување за 72,1 милион евра. Растот на обврските во најголем дел произлегува од нето-промената кај државните обврзници. Обврските врз основа на **трговски кредити и аванси** кон нерезидентите изнесуваат 656,7 милиони евра (6,8% од вкупните обврски) и во 2015 година се намалени за 106,7 милиони евра. **Валутите и депозитите, останатиот сопственички капитал,** како и **специјалните права на влечење** се помалку значајни финансиски инструменти на страната на обврските, со збирно учество од 2,4% во вкупните надворешни обврски.

Анализата од аспект на ***институционалните сектори*** покажува дека, кај сите сектори, промените остварени во текот на 2015 година придонесуваат за зголемување на негативната МИП, нето, а најизразено кај останатите сектори.

Секторот ***„држава"*** е нето-должник кон странство и во текот на 2015 година бележи незначително зголемување на негативната МИП, нето, од само 0,1 милион евра, во услови на речиси идентично намалување на средствата и обврските (за 35 милиони евра).

Во текот на 2015 година, ***„останатите сектори"*** бележат зголемување на негативната МИП, нето, за 347,2 милиони евра. На страната на обврските, е забележано зголемување за 495,2 милиона евра, главно врз основа на директни инвестиции (за 534,2 милиона евра). На страната на средствата бележиме годишен раст од 148,1 милион евра, каде што растот на директните и портфолио-инвестициите (за 179,4 и 52 милиона евра, соодветно) е делумно нетиран со намалените побарувања од комерцијално работење (за 85,4 милиони евра).

Кај секторот ***„депозитни институции, освен централната банка",*** во 2015 година, е забележано зголемување на негативната МИП, нето, за 6,7 милиони евра. Притоа, промената во најголем дел произлегува од зголемувањето на обврските (за 5,9 милиони евра), главно кај директните инвестиции (за 38,8 милиони евра), додека обврските врз основа на заеми и валути и депозити бележат намалување (од 19,3 и 9,2 милиони евра, соодветно).

***„Централната банка",*** како нето-кредитор кон странство, во текот на 2015 година бележи намалување на МИП, нето (за 179,7 милиони евра), главно преку девизните резерви.

## Нето меѓународна инвестициска позиција на поодделни земји

| Земја | 2014 | | 2015 | | Разлики | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | во милијарди евра | % од БДП | во милијарди евра | % од БДП | МИП, нето (милијарди евра) | % од БДП (п.п.) |
| Евро зона | -1,005.7 | -9.9 | -965.7 | -9.2 | 40.0 | 0.7 |
| Грција | -235.7 | -132.7 | -234.1 | -133.1 | 1.6 | -0.4 |
| Хрватска | -37.2 | -86.4 | -34.1 | -77.7 | 3.1 | 8.7 |
| Бугарија | -32.0 | -74.9 | -26.8 | -60.8 | 5.2 | 14.0 |
| Романија | -85.5 | -56.9 | -80.6 | -50.3 | 4.9 | 6.6 |
| Словенија | -16.5 | -44.2 | -14.9 | -38.8 | 1.6 | 5.5 |
| Унгарија | -77.1 | -74.0 | -70.4 | -64.7 | 6.8 | 9.2 |
| Македонија | -4.5 | -53.3 | -5.1 | -55.9 | -0.5 | -2.6 |
| Србија | -32.8 | -98.4 | -34.7 | -105.3 | -1.9 | -6.9 |
| Косово | 0.3 | 5.3 | 0.1 | 1.6 | -0.2 | -3.7 |
| Турција | -362.1 | -60.1 | -336.4 | -52.0 | 25.7 | 8.1 |

Извор: ЕУРОСТАТ, Светска банка, ММФ, интернет-страници на централните банки и пресметки на НБРМ.

Споредбената анализа на МИП, нето, на Република Македонија и други земји, пред сè од регионот, укажува дека посилно намалување на показателот МИП, нето, во однос на БДП е забележано кај Бугарија, Хрватска и Унгарија, додека кај Србија, како и кај Македонија е забележано зголемување.

Анализирајќи ја структурата на промените на МИП, нето, на одделните земји, главно во регионот, доаѓаме до следниве сознанија:

- **Грција** бележи минимално намалување на негативната меѓународна инвестициска позиција, во услови на приближна промена кај средствата и кај обврските. Сепак, изразена како процент од БДП, МИП, нето, е зголемена за 0,4 п.п. На страната на средствата, растот речиси во целост произлегува од нагорната промена кај валутите и депозитите, додека кај обврските најголемо зголемување има кај валутите и депозитите, нетирано со падот кај директните и портфолио-инвестициите, како и кај финансиските деривати.

- **Турција** бележи намалување на негативната меѓународна инвестициска позиција од 8,1 п.п. (во однос на БДП), како резултат на намалувањето на МИП, нето, при истовремен раст на БДП. Средствата се зголемени за 11,4 милијарди евра, при пораст кај сите инструменти, со исклучок на девизните резерви. На страната на обврските, бележиме намалување за 14,2 милијарди евра, коешто главно произлегува од намалувањето кај директните и портфолио-инвестициите.

- **Хрватска** бележи намалување на негативната МИП, нето, коешто во најголем дел произлегува од растот на средствата, при помал пад на обврските. Позначителен позитивен придонес на страна на средствата се забележува кај финансиските деривати и девизните резерви.

- Кај **Бугарија** е забележано стеснување на негативната МИП, нето, за 14 п.п. (изразена како % од БДП), при пад на негативната МИП, нето, и истовремен пораст на БДП. На страната на средствата, позначителни позитивни промени се забележани кај девизните резерви, додека кај обврските намалувањето произлегува од валутите и депозитите, заемите и директните инвестиции.

- Кај **Србија** е забележано зголемување на негативната МИП, нето, за 6,9 п.п. (изразена како % од БДП). На страната на средствата е забележан раст којшто се должи пред сè на зголемените девизни резерви, како и побарувањата врз основа на трговски кредити и директни инвестиции, додека на страната на обврските растот е забележан кај речиси сите категории инструменти.

- Кај **еврозоната** е забележано намалување на негативната МИП, нето, за 40 милијарди евра, односно изразено како % од БДП, показателот е намален за 0,7 п.п.

## Директни инвестиции, нето, по земји[1)]

| Земја | ДИ - 2014 | | ДИ - 2015 | | Разлики 2015-2014 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | во милијарди евра | % од БДП | во милијарди евра | % од БДП | Разлики во милијарди 2015-2014 | % од БДП (п.п.) |
| Грција | 6.6 | 3.7 | 8.1 | 4.6 | 1.5 | 0.9 |
| Кипар | -8.4 | -47.8 | -4.7 | -27.1 | 3.7 | 20.7 |
| Хрватска | -19.4 | -45.1 | -18.7 | -42.6 | 0.7 | 2.5 |
| Бугарија | -36.9 | -86.3 | -35.8 | -81.3 | 1.0 | 5.0 |
| Романија | -59.9 | -39.9 | -62.9 | -39.2 | -2.9 | 0.7 |
| Словенија | 7.0 | 18.7 | 7.2 | 18.7 | 0.2 | 0.0 |
| Унгарија | -42.4 | -40.7 | -42.8 | -39.4 | -0.3 | 1.4 |
| Словачка | -40.8 | -54.0 | -41.9 | -53.7 | -1.1 | 0.3 |
| Македонија | -3.9 | -45.8 | -4.3 | -47.3 | -0.4 | -1.5 |
| Србија | -22.0 | -66.1 | -23.8 | -72.4 | -1.8 | -6.3 |
| Косово | -2.8 | -50.1 | -3.1 | -53.2 | -0.3 | -3.1 |
| Турција | -113.4 | -18.8 | -91.3 | -14.1 | 22.1 | 4.7 |

1) Податокот за БДП за 2015 година е проценка на ММФ.
Извор: ЕУРОСТАТ, ММФ, интернет-страници на централните банки.

Споредбената анализа на состојбата на директните инвестиции, нето, на дел од земјите од Југоисточна Европа, покажува дека земји со највисоко учество на странски директни инвестиции, нето, во БДП се: Бугарија, Србија, Словачка, Косово (над 50%). Македонија спаѓа во групата земји со учеството од 30% до 50%, заедно со Романија, Унгарија и Хрватска, додека во Кипар и Турција учеството е релативно пониско и изнесува под 30%. Грција и Словенија, пак, се единствените од разгледуваните земји коишто имаат нето-побарувања врз основа на директни инвестиции (4,6% и 18,7% од БДП, соодветно).

Во текот на 2015 година, поголем број земји ги намалиле нето-обврските врз основа на директни инвестиции, со позначително намалување како процент од БДП кај Кипар, Бугарија и Турција, додека единствено Македонија, Србија и Косово бележат зголемување на нето-обврските како процент од БДП.

# ПРИЛОГ-ТАБЕЛИ И ГРАФИКОНИ

## Табела 1
## Меѓународна инвестициска позиција 2003-2015 година
(милиони евра)

| | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| МИП-нето | -1,599.7 | -1,846.2 | -1,990.8 | -1,887.5 | -2,401.2 | -3,265.1 | -3,612.5 | -3,629.5 | -3,965.8 | -4,177.6 | -4,558.4 | -4,549.0 | -5,082.7 |
| Средства | 1,546.9 | 1,629.5 | 2,161.8 | 2,565.8 | 2,799.0 | 2,579.8 | 2,785.5 | 3,258.4 | 4,113.2 | 4,257.5 | 4,082.5 | 4,634.0 | 4,571.9 |
| Обврски | 3,146.6 | 3,475.7 | 4,152.6 | 4,453.3 | 5,200.2 | 5,844.9 | 6,398.0 | 6,887.9 | 8,079.0 | 8,435.1 | 8,640.8 | 9,183.0 | 9,654.6 |
| БДП | 4,385.9 | 4,577.7 | 5,031.9 | 5,472.3 | 6,094.6 | 6,772.0 | 6,766.8 | 7,108.8 | 7,544.2 | 7,584.9 | 8,149.9 | 8,529.6 | 9,091.9 |
| МИП-нето/БДП(%учество) | -36.5 | -40.3 | -39.6 | -34.5 | -39.4 | -48.2 | -53.4 | -51.1 | -52.6 | -55.1 | -55.9 | -53.3 | -55.9 |
| Средства/БДП(%учество) | 35.3 | 35.6 | 43.0 | 46.9 | 45.9 | 38.1 | 41.2 | 45.8 | 54.5 | 56.1 | 50.1 | 54.3 | 50.3 |
| Обврски/БДП(%учество) | 71.7 | 75.9 | 82.5 | 81.4 | 85.3 | 86.3 | 94.6 | 96.9 | 107.1 | 111.2 | 106.0 | 107.7 | 106.2 |

Извор: Народна банка на Република Македонија, Државен завод за статистика.

## Графикон 1
## Компоненти на меѓународната инвестициска позиција (% од БДП)




Извор: Народна банка на Република Македонија, Државен завод за статистика.

## Табела 2
## МИП на ниво на институционални сектори
(милиони евра)

| | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| МИП, нето-држава | -1,027.0 | -1,016.5 | -1,282.8 | -1,065.6 | -897.7 | -906.3 | -1,055.8 | -1,067.8 | -1,417.4 | -1,539.9 | -1,561.0 | -2,071.9 | -2,072.0 |
| МИП, нето-централна банка | 693.4 | 673.3 | 1,073.3 | 1,382.6 | 1,532.5 | 1,486.9 | 1,526.7 | 1,638.8 | 1,991.8 | 2,095.8 | 1,920.4 | 2,358.9 | 2,179.2 |
| МИП, нето-депозитни институции освен централната банка | 270.5 | 335.5 | 254.6 | 131.2 | -51.7 | -363.9 | -361.5 | -416.8 | -420.6 | -536.6 | -580.1 | -534.5 | -541.2 |
| МИП, нето-останати сектори | -1,536.7 | -1,838.5 | -2,035.9 | -2,335.8 | -2,984.3 | -3,481.8 | -3,721.9 | -3,783.8 | -4,119.5 | -4,196.8 | -4,337.6 | -4,301.6 | -4,648.7 |
| **МИП, нето** | **-1,599.7** | **-1,846.2** | **-1,990.8** | **-1,887.5** | **-2,401.2** | **-3,265.1** | **-3,612.5** | **-3,629.5** | **-3,965.8** | **-4,177.6** | **-4,558.4** | **-4,549.0** | **-5,082.7** |

Извор: Народна банка на Република Македонија.

Графикон 2
Структура на МИП - побарувања од странство според инструменти
(милиони евра)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

**Прилог 1**
Класификација на меѓународната инвестициска позиција според видови инвестиции:

Поделена на два дела, како средства и обврски, МИП се состои од пет функционални инвестициски категории и поткатегории, во кои состојбите се класифицирани според видот на инвестирање на следниов начин:

- **Директни инвестиции**, коишто се прикажани според принципот „средства–обврски" и ги опфаќаат следниве инструменти:
  - сопственички капитал и акции/удели во инвестициските фондови (вклучително и реинвестирањето на добивката) и
  - должнички инструменти;
- **Портфолио-инвестиции**, коишто се поделени на сопственички капитал и акции/удели во инвестициските фондови и должнички хартии од вредност;
- **Финансиски деривати (освен резервите) и опции на вработените за купување акции;**
- **Останати инвестиции**, коишто се поделени на: останат сопственички капитал, валути и депозити, заеми, шеми за осигурителни, пензиски и стандардизирани гаранции, трговски кредити и аванси, останати сметки за наплата/плаќање и распределба на специјалните права на влечење и
- **Девизните резерви** се класифицирани според видовите инструменти.

Графикон 3
Структура на МИП – обврски кон странство според инструменти
(милиони евра)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

**Прилог 2**
Странски директни инвестиции

Директните инвестиции ја одразуваат целта за остварување долгорочен интерес помеѓу директниот инвеститор (резидент од една економија) и претпријатието во кое се инвестира (резидент на друга економија). Директните инвестиции ги опфаќаат вложувањата со кои инвеститорот има намера да воспостави долгорочна, трајна економска поврзаност и/или да оствари право на управување со правното лице во кое инвестира. Притоа, како критериум за дефинирање на директните инвестиции се користи минималното учество од 10% (директно или индиректно) во капиталот, согласно со меѓународните препораки и стандарди на шестото издание на Прирачникот за платниот биланс и меѓународната инвестициска позиција на Меѓународниот монетарен фонд. Директните инвестиции, покрај првичната трансакција на вложување, во себе ги вклучуваат и сите последователни инвестирања помеѓу директниот инвеститор и претпријатието во кое се инвестира. Исто така, во оваа категорија е опфатено и повратното вложување (вложување на претпријатието со директна инвестиција во капиталот на директниот инвеститор од под 10%) и вложувањето помеѓу хоризонтално поврзаните претпријатија во рамки на иста групација (од под 10%).
Основен извор на податоци за директните инвестиции во Република Македонија претставуваат годишните прашалници коишто ги доставуваат резидентните фирми со странски капитал до НБРМ. Прашалниците, меѓу другото, содржат податоци за првичното вложување, остварениот финансиски резултат и меѓукомпанискиот долг.

Портфолио-инвестиции

Портфолио-инвестициите, во согласност со препораките на шестото издание на Прирачникот за платниот биланс и меѓународната инвестициска позиција на Меѓународниот монетарен фонд, се дефинираат како вложувања во сопственички капитал, односно сопственички хартии од вредност и акции/удели во инвестициски фондови каде што инвеститорот поседува помалку од 10% од капиталот, како и вложувањата во должнички хартии од вредност (со исклучок на оние што се вклучени

во странските директни инвестиции).

## Табела 3: Состојба на директните инвестиции во Република Македонија

(во милиони евра)

| Година | Директни инвестиции во земјата | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Сопственички капитал | | | | Должнички инструменти | | | |
| | | Вложување на директниот инвеститор во претпријатието во кое се инвестира **(обврски)** | Повратно вложување **(средства)** | Вложувања помеѓу хоризонтално поврзани претпријатија **(нето-обврски)** | Вкупно | Вложување на директниот инвеститор во претпријатието во кое се инвестира **(обврски)** | Повратно вложување **(средства)** | Вложувања помеѓу хоризонтално поврзани претпријатија **(нето-обврски)** | Вкупно |
| | 1=5+9 | 2 | 3 | 4 | 5=2-3+4 | 6 | 7 | 8 | 9=6-7+8 |
| 1997 | 141.2 | 102.9 | 0.0 | 0.0 | 102.9 | 50.5 | 12.1 | 0.0 | 38.3 |
| 1998 | 270.4 | 219.5 | 0.0 | 0.0 | 219.5 | 63.7 | 12.8 | 0.0 | 50.9 |
| 1999 | 359.9 | 284.3 | 0.0 | 0.0 | 284.3 | 91.3 | 15.7 | 0.0 | 75.6 |
| 2000 | 580.1 | 497.7 | 0.0 | 0.0 | 497.7 | 99.3 | 16.9 | 0.0 | 82.3 |
| 2001 | 1,039.2 | 946.3 | 0.0 | 0.0 | 946.3 | 133.7 | 40.8 | 0.0 | 92.9 |
| 2002 | 1,160.7 | 1,056.6 | 0.0 | 0.0 | 1,056.6 | 150.5 | 46.3 | 0.0 | 104.1 |
| 2003 | 1,292.1 | 1,182.0 | 0.0 | 0.0 | 1,182.0 | 158.1 | 48.0 | 0.0 | 110.2 |
| 2004 | 1,610.2 | 1,366.1 | 0.0 | 0.0 | 1,366.1 | 280.8 | 36.7 | 0.0 | 244.1 |
| 2005 | 1,769.0 | 1,579.6 | 0.0 | 0.0 | 1,579.6 | 263.9 | 74.5 | 0.0 | 189.4 |
| 2006 | 2,098.6 | 1,863.3 | 0.0 | 0.0 | 1,863.3 | 316.1 | 80.9 | 0.0 | 235.2 |
| 2007 | 2,545.2 | 2,226.6 | 0.0 | 0.0 | 2,226.6 | 424.7 | 106.1 | 0.0 | 318.5 |
| 2008 | 2,968.8 | 2,407.4 | 0.0 | 0.0 | 2,407.4 | 675.3 | 114.0 | 0.0 | 561.3 |
| 2009 | 3,141.4 | 2,481.3 | 0.0 | 0.0 | 2,481.3 | 830.1 | 170.0 | 0.0 | 660.1 |
| 2010 | 3,256.0 | 2,642.5 | 0.0 | 0.0 | 2,642.5 | 860.3 | 246.9 | 0.0 | 613.5 |
| 2011 | 3,615.1 | 3,110.2 | 0.0 | 0.0 | 3,110.2 | 789.5 | 284.5 | 0.0 | 504.9 |
| 2012 | 3,685.5 | 3,148.9 | 0.0 | 0.0 | 3,148.9 | 980.1 | 443.4 | 0.0 | 536.7 |
| 2013 | 3,980.0 | 3,311.6 | 0.0 | 4.7 | 3,316.3 | 1,143.3 | 479.7 | 0.0 | 663.7 |
| 2014 | 4,023.6 | 3,079.4 | 0.0 | 4.8 | 3,084.2 | 1,085.2 | 296.5 | 150.8 | 939.5 |
| 2015 | 4,400.1 | 3,261.6 | 0.0 | 5.0 | 3,266.6 | 1,218.0 | 292.8 | 208.4 | 1,133.5 |

Извор: Народна банка на Република Македонија.

## Графикон 4
## Странски директни инвестиции во Република Македонија

(во милиони евра)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

Графикон 5
Странски директни инвестиции во Република Македонија, по земји на странските инвеститори
(учества на крајот на 2015 година)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

Графикон 6
Странски директни инвестиции во Република Македонија, по дејности
(учества на крајот на 2015 година)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

Графикон 7
Портфолио-инвестиции по земји – **средства** – сопственички ХВ
(учества на крајот на 2015 година)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

Графикон 8
Портфолио-инвестиции по земји – **обврски** – сопственички ХВ
(учества на крајот на 2015 година)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

Графикон 9
Портфолио-инвестиции – обврски врз основа на домашни должнички хартии од вредност во сопственост на нерезидентите
(во милиони евра)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

## Табела 4
## Обврски врз основа на заеми од странство според должниците
(во милиони евра)

| | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Краткорочни заеми | 25.93 | 11.81 | 54.33 | 11.65 | 55.82 | 14.91 | 47.59 | 71.99 | 258.23 | 214.03 | 48.81 | 53.99 | 55.68 |
| -Централна банка | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 232.53 | 157.57 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| -Банки | 8.71 | 7.04 | 1.30 | 0.00 | 16.50 | 0.00 | 40.00 | 3.71 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 2.01 |
| -Останати сектори | 17.22 | 4.78 | 53.03 | 11.65 | 39.32 | 14.91 | 7.59 | 68.28 | 25.70 | 56.47 | 48.81 | 53.99 | 53.68 |
| Долгорочни заеми | 1,300.22 | 1,302.60 | 1,488.56 | 1,395.56 | 1,299.95 | 1,532.02 | 1,583.12 | 1,956.46 | 2,527.67 | 2,557.80 | 2,834.32 | 2,970.46 | 2,906.05 |
| -Централна банка | 54.70 | 45.97 | 52.66 | 42.39 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| -Држава | 1,005.54 | 993.20 | 1,095.36 | 875.19 | 727.22 | 771.22 | 777.60 | 852.57 | 1,256.76 | 1,292.88 | 1,453.20 | 1,449.85 | 1,334.56 |
| -Банки | 64.04 | 55.79 | 106.40 | 146.31 | 199.81 | 201.14 | 220.10 | 379.26 | 430.71 | 420.16 | 440.95 | 456.76 | 435.46 |
| -Останати сектори | 175.94 | 207.63 | 234.14 | 331.68 | 372.92 | 559.66 | 585.43 | 724.64 | 840.20 | 844.76 | 940.17 | 1,063.85 | 1,136.04 |
| Вкупно заеми | 1,326.15 | 1,314.41 | 1,542.89 | 1,407.22 | 1,355.77 | 1,546.93 | 1,630.72 | 2,028.45 | 2,785.90 | 2,771.83 | 2,883.12 | 3,024.45 | 2,961.74 |
| БДП | 4,217.00 | 4,577.71 | 5,031.87 | 5,472.27 | 6,094.57 | 6,772.02 | 6,766.81 | 7,108.76 | 7,544.20 | 7,584.92 | 8,149.87 | 8,529.64 | 9,091.87 |
| Краткорочни заеми/Вкупно заеми (%) | 1.96 | 0.90 | 3.52 | 0.83 | 4.12 | 0.96 | 2.92 | 3.55 | 9.27 | 7.72 | 1.69 | 1.78 | 1.88 |
| Долгорочни заеми/Вкупно заеми (% ) | 98.04 | 99.10 | 96.48 | 99.17 | 95.88 | 99.04 | 97.08 | 96.45 | 90.73 | 92.28 | 98.31 | 98.22 | 98.12 |
| Вкупно заеми/БДП(%) | 31.45 | 28.71 | 30.66 | 25.72 | 22.25 | 22.84 | 24.10 | 28.53 | 36.93 | 36.54 | 35.38 | 35.46 | 32.58 |

Извор: Народна банка на Република Македонија, Државен завод за статистика.

## Графикон 10
## Обврски врз основа на заеми од странство според должниците
(милиони евра)




Извор: Народна банка на Република Македонија.